Алинејата 4 се менува и гласи:

- Миќо Стојановски од Сојуз на синдикатите на Македонија.“.

Во потточка ѓ. алинејата 1 се менува и гласи:

„ - Борче Стојчевски, Здружение на инженери за заштита „Тутела“ – Скопје.“

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-3195/1 | Прв заменик на претседателот |
| 30 март 2021 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | **Артан Груби,** с.р. |

**1140.**

Врз основа на член 44 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија” бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 март 2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

1. Во Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/20), во точка 1, во потточката а. алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„ - Даниела Китанова од Организација на работодавачи на Македонија,

- Сашо Коруновски од Организација на работодавачи на Македонија,“.

Во потточка б. алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„ - Игор Герасов од Сојуз на синдикатите на Македонија,

- Кире Трајковски од Сојуз на синдикатите на Македонија,“.